**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"-БИТОЛА**
**ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ-СКОПЈЕ**
**Бр. 08-430/3**
**21.05.2019 година**
**С К О П Ј Е**

Врз основа на член 110 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), Наставно - научниот совет на Факултетот за безбедност – Скопје, на седницата одржана на 21.05.2019 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на надоместот и за начинот на исплата за работа во Комисија за јавни набавки на Факултет за безбедност – Скопје**

1. Одлуката за утврдување на надоместот и за начинот на исплата за работа во Комисија за јавни набавки на Факултет за безбедност – Скопје бр. 0201/20 од 27.04.2009 година, донесена од Деканатската управа на Факултетот за безбедност, се укинува.

2. За претседателот на Комисијата за јавни набавки се утврдува надомест во износ од 5.000,00 денари.

3. За членовите на Комисијата за јавни набавки се утврдува надомест во износ од 3.000,00 денари.

4. Доколку во работата на Комисијата учествува заменик претседателот или заменик член, надоместот му се исплаќа на тоа лице.

5. Доколку претседателот или членот не учествувал во работата на Комисијата, не му се исплаќа надомест.

6. Надоместот на претседателот, на членовите и/или замениците ќе се исплаќа по спроведена постапка за јавна набавка, врз основа на Извештај од претседателот, членовите и/или замениците, поднесен по завршена постапка за јавна набавка.

7. Надоместот утврден во точка 1 се исплаќа врз основа на Решение донесено од Деканот на Факултетот.

8. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

9. Примерок од Одлуката да се достави до: Членовите на Комисијата за јавни набавки, одделение за финансиско, сметководствено и материјално работење и архива.

**Д Е К А Н**

**Вонреден проф. д-р Никола Дујовски**

УНИВЕРЗИТЕТ СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ · БИТОЛА · ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ · СКОПЈЕ · Република Северна Македонија